**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 20 јуни 2019 година**

**Скопје, јуни 2019 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции,**
**одржана на 20 јуни 2019 година**

Седницата се одржа во салата Борис Трајковски на Собранието на Република Македонија, со почеток во **10:08** часот. Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтерграции.

**Никола Попоски:** Добар ден. Би сакал да ви посакам добредојде на Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции. Дозволете ми на почетокот на денешата седница да го поздравам присуството на неговата екселенција Томас Герберих амбасадор на Сојузна Република Германија и неговата екселенција Кристијан Тимоние амбасадор на Францускатa Република кои ја прифатија поканата да се обратат пред Националниот совет за евроинтеграции на седница посветена на актуелните предизвици и на подолгорочната перспектива во поглед на евроинтеграциите. Со нас денеска е и заменикот претседател на Владата задолжен за европски прашања господинот Бујар Османи. На седницата на Националниот совет за евроинтеграции поканети се и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовиот парламентарен комиитет и преставници на граѓанските организации. Секако поканети се амбасадорите на земјите членки на Европската унија кои ни ја укажаа честа да со нивното присуство и интерес за денешната седница.

За оваа седница на Националниот совет за евроинтеграции предложен е следниот дневен ред:

1. Усвојување на записниците од Првата, Втората и Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

2.Видувањата од Берлин и Париз околу долгорочната визија за европската интеграција.

Дали има предлози од Националниот совет за евроинтеграции за дополнувања.

Нема.

Кој е за?

Кој е против?

Кој е воздржан?

Констатирам дека е усвоен дневниот ред на Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Пред да почнеме предлагам да ги усвоиме записниците од претходните седници кои ви беа доставени по електронски пат. Првата седница одржана на 20 септември, Втората на 27 април 2018 година и Третата седница на 17 јули 2018 година.

Дали има забелешки, коментари по однос на првата седница?

Констатирам дека е усвоен записникот од првата седница.

Дали има забелешки, коментари по однос на втората седница?

Нема. Констатирам дека е усвоен записникотод втората седница.

Дали има забелешки, коментари по однос на третата седница?

Нема. Констатирам дека е усвоен записникот од третата седница.

Преминуваме на точката од дневниот ред.

Многу кратко контекстот. Денешната седница ја одржуваме во актуелен момент кога лидерите на земјите членки на Европската унија на состанок на Европскиот совет

одлучуваат за нови имиња кои ќе раководат со европските институции, одлучуваат за стратешката агенда на Европската унија во 2019 до 2024 година, врз основа на кои ќе бидат планирани и следните активности на Советот. Воедно во фокус на дебатата на лидерите од Европската унија е и повеќегодишната финанска рамка од 2021 година до 2027 година, но и политиката за климатски промени. Во еден ваков контекст доаѓа и еден наш заеднички врвен приоритет кој го очекуваме од страна на Европската унија, а тоа ставот за проширување на Европската унија, датумот за почетокот на пристапните преговори после 10 добиени позитивни препораки од Комисијата. Во овој контекст мислам дека е исклучително значајно да ги слушнеме и ставовите на двете земји членки кои многу пати беа цитирани и спомнувани во контекст на овие одлуки, но воедно да видиме и една подолгорочна стратегија што се очекува од нас, а што можеме и ние да очекуваме од Европската унија во следниот период. Без должење би му дал збор на неговата ексленција Томас Герберих, амбасадорот на Сојузна Република Германија. Ќе се обрати на германски, за тие кои имате потреба ве молам да ги вклучите апаратите за превод. Благодарам.

**Томас Герберих:** Благодарам многу претседателе, почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, екселенции, драги колеги, дами и господа,

Најпрво би сакал да ви се заблагодарам што ја имам честа тука да зборувам. Можеби неколку забелешки за актуелната ситуација и за ЕУ интеграцијата општо.

По препораката за пристапување на започнување на ЕУ пристапни преговори во извештајот на Европската комисија од 29 мај, како и заклучокот на Советот за општи работи од 18 јуни, сега имаме јасна европска перспектива за Северна Македонија. Северна Македонија и надворешно и внатрешно ги исполни значајните предуслови. Надворешно Северна Македонија ги регулираше односите со соседите. Го имаме договорот за пријателство со Бугарија,  Преспанскиот договор со Грција и Република Северна Македонија, спроведе и различни активности за соработка и посредништво за да ја засили соработката во целиот Западен Балкан. Тука како пример би сакал да го наведам, дигиталниот самит или ангажманот за младинската организација Рајко. Интерно во минататите две години сите потребни реформски закони се спроведоа во однос на правната реформа, институционалните реформи и реформите на тајните служби онака како што тоа го бараа извештаите од Прибе и извештаите за напредокот на земјата. При тоа е значајно да се нагласи дека тоа се направи, се стори заедно со гласовите од опозицијата. Начелно значи можеме да кажеме дека Северна Македонија испиша една успешна приказна на Западен Балкан. Иако Европскиот совет во Брисел денеска сеуште не донел одлука, не само поради тоа што сеуште нема одлука и од германскиот Бундестаг, одлуката за термин на советот се помести во октомври. Јас лично сум убеден дека уште во оваа година ќе може да има само една одлука. Тоа е да се започнат пристапните преговори со Република Северна Македонија согласно препораките на Европската комисија. Значи прашањето не гласи повеќе дали, туку кога тоа ќе се случи. За мене не постои сомнеж дека местото на Северна Македонија и на целиот регион е во Европската унија. Кога зборуваме за датум за почеток на пристапните преговори тогаш е јасно дека не зборуваме за датум за прием кој што ќе се случи утре. До овој датум за пристап ќе помине уште некое време. Значи станува збор за години, не за месеци. Но, сепак процесот на пристапните преговори, затоа се нарекува процес, тогаш тој ќе биде многу корисен за понатаму да може да се развие и стабилизира демократијата во Северна Македонија. Независно од надворешно политичките успеси и фактот дека значајни реформски закони поминаа во Парламентот се разбира со гласови од опозицијата и сега

започнува тој напорен пат со отварање на поглавја и на различни прашалници од Брисел. Тука се поглавјата 23 и 24 кои што се однесуваат на областите правосудство, основни права, слобода и сигурност. Дозволете ми да цитирам нешто од Бертол Брехт - кога ќе ја надминеме планината ќе видете дека тоа што следи пред вас има рамнини, но и за нив да ги поминете потребна ви е многу заложба и напор. Значи тоа ме води до една значајна тема, а тоа е дека никој не смее да биде оставен во процесот на ЕУ интеграција. Тоа значи дека сега треба да се прошири, да се продлабочи реформскиот процес со цел секој граѓанин кој што се вклучува во општествениот процес да види видливи резултати. Што се однесува до членовите на сите делови од општеството, религиите, сите етнички групи. тие мора да соработуваат заедно за да може да се надмине постоечката поделба во општеството. Владата мора целосно и комплетно да се концентрира на реформскиот процес кој треба да понуди шанси и подобри животни услови за сите. Овој дух не треба да биде инспирација само за општеството во Северна Македонија туку и во целиот регион за приближување еден кон друг, а за тоа е потребно храброст и интензивен дијалог.

Дами и господа, на крајот би сакал да ви се заблагодарам на сите вас за вашиот ангажман. Како преставник на Сојузна Република Германија тука во Скопје јас сум горд што можам да бидам тука кај вас и сите вам ви честитам за одличната работа која што до сега ја направивте. Ви благодарам многу.

**Никола Поповски:** Ви благодарам амбасадоре.

Би дал збор на неговата ексленција Кристијан Тимоние, амбасадор на Француската Република, повелете.

**Кристијан Тимоние:** Господине претседател, дами и господа пратеници и преставници на граѓанското општество, навистина сум среќен што сум овде на овој состанок во рамки на Советот кој што посакуваме нели почесто да заседава затоа што станува место за важен простор каде што се водат дискусии, но каде што и нели се додава поголема важност во однос на воспоставувањето на нормалното демократско институционално живеење. Нормализирањето на состојбите се дел од разговорите кои што се водат со граѓанското општество, но исто така и помеѓу мнозинството и опозицијата на теми кои што се од заеднички интерес и изградбата на еден заеднички интерес. Кога гледам како времето брзо минува овие две години и од таа гледна точка сакам да ги споделам честитките кои што ги упати мојот колега Томас успеавме навистина да направиме големи чекори напред во различни области, чекори за кои што ќе биде неопходно да бидат потврдени. Затоа што она што се очекува глобално кажано од страна на француското јавно мислење е една поинаква слика која што овој регион би требало да ја испорача односно регион кој може исто така да придонесе во Унијата за поголема стабилност, но и за помирување. Вие направивте многу, многу во последните години и оваа работа беше подготвена одамна, години наназад, понекогаш преку успешни реформи, но исто така и во тек на стагнација и за среќа успеавте да излезете во тој период на стагнација. Сакам да му се заблагодарам на претседателот на Националниот совет за евроинтеграции што повторно зборува за долгорочниот план затоа што понекогаш поради политички дебати или поради политички маркетинг често пати се фокусираме на прашања со датуми кои што можеби не се толку од суштинско значење затоа што суштинската работа е вистинската спроведена работа и сакам да ја поздравам целокупната работа која што ја направи потпретседателот Бујар Османи кој што пред скоро време беше во Париз за да ја истакне реалната работа која што беше спроведена овде. Кога зборувам за реални работи ќе кажам дека тука постојат најголемите загрижувања затоа што

сум овде да ви пренесам какви се размислувањата на моите власти и вистинското прашање е поврзано со ефективниот карактер на спроведените реформи. Воопшто не сакаме да ја потцениме работата која што беше направена во Собранието, ниту пак цела подготвителна работа од страна на Владата и ние учествуваме како што знаете и помагаме со експерт кој што работи во Секретаријатот за европски прашања и навистина сум среќен што во Париз завршивме со организацијата на петтиот семинар кој што треба да ви помогне да што подобро да се подготвите за почетокот на преговорите и како што кажа и Томас ние сега се наоѓаме во перспектива за отворање на овие преговори и навистина чекорите кои што беа направени никогаш не биле поблиску до таква одлука. Но и тоа значи дека работата е завршена, ќе кажам дека не затоа што престои уште многу работа и тоа не само од наша гледна точка, туку и за самите вас. Тоа е ваша работа, ние треба да ја помогнеме и да подржиме таа работа, но има и работа која што ја очекува и Европската унија. Едно од главните загрижувања на претседателот Макрон затоа што треба да се обнови рамката на Европската унија за да може европското јавно мислење, но исто така институционалниот систем на унијата да бидат спремни во конкретниот момент да ги пречекаат земјите од Западен Балкан чие што место е веќе обележано. Но очигледно е дека Северна Македонија има сопствени заслуги за сето тоа кои што треба да бидат поздравени затоа што ќе се оценува според сопствените заслуги. Тоа ќе биде првиот основен критериум за нас. Но не сакаме да го тргнеме и настрана прашањето за глобалниот развој на регионот затоа што и покрај успешните реформи очигледно е дека бавното градење на помирувањето, но исто така и воспоставувањето на економските, интелектуалните и универзитетските односи кои ќе им овозможат на регионот да биде дополнителна додадена вредност во рамки на Европската унија е многу важно и Северна Македонија треба да си го завземе своето место. Спремни сме да помогнеме, претседателот Макрон во Берлин ја објави Стратегијата за Западен Балкан која се состои од одредени мерки кои што ќе докажуваат колку регионот сега повторно е на агендата на француските власти и француската Влада и со нетрпение очекуваме договорот за да може Француската Агенција за развој да почне да делува овде да биде потпишан што побрзо и да го даде својот придонес кон спроведувањето на реформите. За реформите ќе кажам дека очекуваме истите да бидат водени со нов елан, нели со владина реконструкција која што се очекува, но важно е и да се испорачаат сигнали за една нова етапа. По оваа прва етапа ќе кажам дека заедно со нашите германски пријатели ќе кажеме дека беше успешна етапа. Но, очекуваме и развој на настаните во однос на собраниската работа, потребно ни е функционално Собрание. Знам дека претседателот Џафери внимава на тоа и ќе го стави целиот свој капацитет и право соработка со Владата затоа што и таа работа ќе се надбљудува одблиску и треба нели да видиме што беше побарано пред  една година затоа што има цел список на прецизни области кои што не се само вистински меѓународни успеси во земјата, туку ефективно спроведени внатрешни реформи. Има уште многу работа за да се даде нова реалност на изгласаните текстови. Не станува збор за критика на Владата и не станува збор за додавање вода на водениците кои што се против нели, туку сакаме само да кажеме дека постои развој во општеството. Наша обврска е да го придружуваме оштеството, а тука ќе кажам дека опозицијата треба исто така да го даде својот придонес како што го дава и Владата. Едно од основните точки, а нема да бидеме само во кои што ќе се надбљудува и вреднува земјата е постигнувањето на согласност за Законот за СЈО. Постојат предлози, постојат амандмани, постојат дискусии кои што се неопходни и знаете оправданоста да постои само кај едната страна, туку треба да се

работи за да навистина се воспостави систем во кој што корупцијата ќе биде зад нас и нема да има во иднина корупција и ќе може да се најде законска рамка за ограничување на тие појави и со тоа ќе се одговори на барањето на францускoто јавно мислење затоа што ако ги надбљудуваме резултатите од изборите кај нас ќе забележиме дека постои силна недоверба во однос на проширувањето во Франција и затоа мора да им објаснуваме на нашите гласачи дека треба да се реформираме ние во рамки на Унијата, треба и вие да се реформите и знаете дека Франција е сила која предлага нови нешта во сите области и тоа во тесна соработка со нашиот германски партнер без при тоа да ги исклучиме и другите, но мислиме дека постои тој капацитет француско-германски кој што ги турка работите и функционирајќи на нови проекти повторно ќе успееме да ја воспоставиме довербата во Европската унија и кај населението во Унијата. Она што се очекува е поголема заштита преку европска одбрана. Тоа е дел од обновата на Унијата, но и поголема и жестока борба против недемократските инфилтрации што бара зајакнато владеење на правото. Но и низа технички мерки, особено нели борба против лажните вести или непотребно труење на нашето јавно мислење со лажни вести за да се одржува европесимизам, но станува збор и за самиот капацитет на Европската унија, Устав на државите членки да ја следат надворешната политика и поригорозно бранење на мултилатеризмот и во тој поглед сакам да ја поздравам одлуката која што ја донесе Владата на Северна Македонија за учество на мисија во рамки на Европската унија во Африка, тоа е доказ за капацитетот кој го поседувате.

За споделување на потешкотиите во поглед на европската безбедност. Беа направени чекори напред, останува уште работа и наредните месеци кои што се дадени до есен може да служат како повод за да се испорачаат дополнителни докази за вашиот капацитет да се реформирате и корисно да ги отворите преговорите. Знаете јас не можам да ги прифатам кога ми велите или кога ми велат дека може да се отворат преговорите а потоа можат да траат како што е тоа случај со други земји. Ние сме убедени дека вашето место е во Европската Унија и повеќе инсистираме на добро организирана појдовна точка и почеток на преговорите отколку да се отворат преговори кои што се неопходни поради можеби политички маркетинг туку сакаме на општеството да му испорачаме нели позитивни сигнали. Забележувам присуства на претседателката на Европското движење на Македонија со која што организиравме пред некој ден заеднички собир, потребни ни се тие сигнали од ваша страна и Никола Димитров го повтори тоа во одличниот напис кој што беше објавен. Јасно е дека вас ви се потребни тие сигнали, ние тоа го разбираме но и кај нашето јавно мислење се потребни сигнали за да се докаже дека политичкото општество реално се менува овде и дека Западниот Балкан нема да донесат со себе дополнителни потешкотии во еден систем кој што како знаете веќе има многу загрижувања. Нема да ви зборувам за претстојните дебати за на есен затоа што знаете дека и во унијата има голем број на потешкотии особено во поглед на буџетот итн. Да не бидеме бирократи затоа што европската изградба е еден простор на духовно размислување, ние тоа го подржуваме и Франција навистина е свесна за своите обврски затоа што одамна сме едни од основачите со други за Унијата и таа не е клуб за само одредени луѓе туку е клуб да обединува слободни нации но и нации кои што споделуваат исти праг на владеење на правото. Тоа владеење на правото не постои само по себе туку во рамки дури и кај одредени земји членки е сега доведено во опасност и затоа ние сме посебно внимателни кон вас за да навистина го постигнете неопходното ниво на владеење на правото. Впрочем како што ви велеше и еден европски комесар дека е тешко да се нормализираат морковите е тешко но најважно е сепак да се создаде тој правен дух во

кој што општествата нема да бидат поделени туку обединети околу европската цел и дека нема политичките партии да си ја конфискуваат политичката дебата ниту пак ќе си го конфискуваат богатството. Сето тоа се предизвици кои што ќе бидат на дневен ред наредните години и затоа ќе треба не само да се слушаат само добри зборови туку и конкретно да се испорача она што треба. Знаете јас сум горд што сум овде денес овде во момент кога голем број на работи се менуваат, горд сум што исто така даваме сопствен придонес но ќе го направиме тоа и преку француско - германската соработка, имам голем доверба и очекувам дека имам доверба дека ќе се случуваат добри работи во наредниот период.

Ви благодарам.

**Никола Попоски**: Ви благодарам амбасадоре.

Го поканувам заменик претседателот на Владата заложен за европски прашања господинот Бујар Османи да се обрати, повелете.

**Бујар Османи**: Ви благодарам господине Попоски.

Почитувани амбасадори, почитувани пратеници, почитувани претставници на медиумите, на самиот почеток сакам да му се заблагодарам на претседателот на советот за свикување на оваа седница и тоа за две причини.

Под еден, затоа што навистина овој совет има посебно значење и претставува платформа која го одразува општествениот и државниот консензус во однос на нашите стратешки насоки посебно на евроатланската интеграција што ја одразува и консензусот на нашите граѓани во овие последни 30 години, еден недвосмислен консензус.

И втората причина, поради тајмингот или времето во кое се свикува оваа седница, тоа мене ми кажува дека сите сме разбрале дека е моментумот значаен односно сите ние независно од кој политички спектар му припаѓаме го гледаме светлото од крајот на тунелот или сме свесни дека ги поминуваме последните чекори на еден долг маратон, 18 годишен и оваа година очекувам отпочнување на преговорите со ЕУ и сега е моментот да се мобилизираат сите наши политички административни ресурси за да ја подготвиме земјата за едно од најзначајните операции за членство во Европската Унија.

Јас нема да должам многу затоа што сме говореле доста во последно време за тоа што содржи Извештајот за нас. Мислам дека единствен кредибилен текст врз кој треба да се расправа Извештајот на Европската комисија, тело кое според објективни критериуми ја оценува нашата работа и впечатоците и нашите политички проценки околу политичката дебата внатре тој Извештај говори дека Северна Македонија е светол пример на нашиот регион и тоа не само во однос на затворање на политичките пречки кои беа причина за долгото статус кво низ кое помина земјата а тоа е Договорот со Грција, Договорот со Бугарија или внатрешните меѓу етнички договори од аспект на усвојување на Законот за употребата на јазиците, затоа што за внатрешна интеграција освен надворешната интеграција но и тоа што говори во исполнување на политичките критериуми од Копенхаген но и економските критериуми мислам дека сте ги виделе сите табели во Извештајот но ценам дека уште еднаш треба да ги нагласам.

Во табелата за исполнување на политичките критериуми на Копенхаген како од аспект на напредокот но и од аспект на спремноста на земјата за членство Северна Македонија е прва во регионот. Ако ги земеме економските критериуми за членство во Европската Унија било во напредокот во минатата година било во спремноста за членство Северна Македонија, е прво место во регионот. Исто така и од аспект на усогласување на

домашното законодавство со тоа на Европската Унија, Северна Македонија предводи во споредба со земјите од регионот и овде не говорам дека овој резултат е производ само на оваа актуелна влада. Делот на напредокот може да биде производ на оваа Влада но делот на спремноста е производ на работата на сите досегашни влади, на илјадници политичари, администратори кои се посветија земјава да ја приближат и да биде членка на Европската Унија и не само формалниот дел на членство туку животот на граѓаните да биде подостоинствен и поевропски. Нашите очекувања по овој заклучок беа согласно заклучокот од минатата година на Европскиот совет во јуни дека ќе се даде прецизна временска рамка за отпочнување на преговорите во јуни 2019 ако земјава ја продлабочува динамиката или моментумот на реформи согласно оваа одлука на советот нашите очекувања беа дека советот да донесе односно денес Европскиот совет за отпочнување на преговорите но сакам да ја коментирам оваа одлука на советот или заклучокот на Европскиот совет за општите прашања на Европската Унија, тоа што можам да констатирам е дека текстот говори за да се валоризираат постигнувањата на Северна Македонија како исполнување на политичките критериуми било и техничките и од аспект на реформите. Причините се технички за одложување на одлуката и поради отсуството на дебата во германскиот бундестаг. Извештајот се објави доцна на 29 мај по парламентарните избори и реално имаше техничко ограничување за да се дебатира таму и мислам дека сега дебата за кредибилноста на Европската Унија со овој заклучок е апсолутно непотребно затоа што јасно во заклучокот се гледа консензуална волја на сите земји на Европската Унија дека Северна Македонија ги исполнува условите и треба да ги отвори преговорите но ако го прочитате текстот на заклучокот земјите членки, нашите партнери бараат разбирање од нас поради технички прашања тие нема да можат да ја донесат одлуката сега и дека дебатата за нас е исцрпена на оваа седница. Дебата се водеше на оваа седница во суштина немаше дебата за Северна Македонија бидејќи е консензуална одлука на 28 земји членки за да се отворат преговорите. Техничката одлука е пролонгирана, не покасно од октомври за да се даде можност на германскиот парламент да го усвои како што тоа го бара уставниот поредок на Германија и мислам дека ние како идни партнери на оваа унија имаме разбирање и за техничките предизвици кои може да ги има регионот или земјите членки. Тоа што ќе отвори и поттикне дебата за кредибилноста на Европската Унија е ако не се почитува оваа одлука на советот на Европската Унија и во октомври нема да се донесе одлука за отворање на разговорите тогаш навистина ќе имаме би рекол напад врз клучниот принцип и клучниот инструмент на проширување а тоа е кондицијата како основ за трансформацијата на општествата во регионот и начинот на функционирање на проширување и самата ЕУ но јас сум длабоко убеден дека ЕУ е сензитивна за сензитивноста што ја имаме овде во однос на ова прашање и за проценката од нивна страна за нашата работа и во октомври ќе ги отвориме преговорите. Во суштина во предвидената динамика сакам да бидам искрен. Беше дека независно кога ќе се донесе одлуката за отпочнување на разговорите за нас беше важно кога ќе се одржи првата меѓу владина конференција меѓу Северна Македонија и Европската Унија. Затоа што ова е појдовната точка од каде почнуваат преговорите. Фактот што одлуката не се донесе сега него во октомври повеќе предизвикува проблем на Европската комисија затоа што го ограничува времето за изготвување на преговарачката рамка и за да подготват меѓу владината конференција одошто што ни предизвикува нас затоа што поттикнува дебата и создава анксиозност поради непредвидливоста што ја имаме. Но сакам да ве уверам дека Северна Македонија не можеше ниту еден ден од јуни 2018 бидејќи во

постапката на преговори првата фаза е објаснувачкиот скрининг. Ние овој скрининг го отпочнавме, Владата во јуни 2018 година и завршивме до сега околу 2/3 околу поглавјата што значи дека и наспроти тоа дека не сме имале отпочнување на преговорите од јуни ние на еден начин сме го отпочнале ангажирајќи ја нашата администрација за да видиме кои се очекувањата или кои се целите кои треба да ги постигнеме во овој период и сега со новата динамика и со првата владина конференција што ја очекуваме во декември во оваа година ние ќе ја сочуваме динамиката и проекцијата што ја имавме уште од јуни 2018 година. Затоа сум благодарен на Германија и Франција како наши искрени пријатели за да не поттикнат, охрабрат да ги спроведеме реформите и да ги надминеме предизвиците со кои се соочуваат секоја земја но Изборниот законик а нивните цели во Советот на ЕУ. Значи сакам да ви дадам порака да бидат горди со тоа што сме го постигнале во изминативе години без да ја содржам екслузивноста на оваа Влада за постигнување, за спроведувачи на реформите сакам да бидат оптимисти дека оваа година ќе ги отвориме преговорите со Европската Унија. Сакам да апелирам до сите тие кои можат да дадат свој придонес во оваа операција на земјава уште сега да се пријават во институциите одговорни за развој на овие преговори, да дадат свој придонес бидејќи оваа година уште еднаш ќе нагласам и сакам да го заокружам мојот говор, ги отвораме преговорите со Европската Унија.

Ви благодарам на вниманието.

**Никола Попоски**: Благодарам до заменик претседателот на Владата на Република Македонија.

Сега би се обратил јас во својство на претседател на Националниот совет за евроинтеграции .

Најдоброто резиме кое го имам слушнато во изминатиов период во однос на тоа што не очекува од почетокот на оваа дебата за тоа дали ќе добиеме датум за преговори, дали сме добиле, дали престојува во октомври итн, беше на една средба на мешовит комитет на пратеници од германскиот и францускиот парламент во Берлин на која беа поканети определен број на пратеници и од земјите од Западен Балкан и за да ја доловиме атмосферата темата главна и мотивот на тој состанок е тоа што во Франција и во Германија се увидуваат ризиците од предизвиците кои се упатуваат до Брисел од аспект на близина до гласачите во Европската Унија и сакајќи да ги спојат пратениците од двата национални парламенти значи од Европскиот Парламент сметаат дека е битно да се дискутира за теми од стратегиски прашања. Еден виден пратеник од Бундестагот го кажа следново, ова беше неколку месеци пред ние воопшто да почнеме со дебатата. Четири работи.

Ќе добиете датум за преговори. Ќе станете членка, се е само прашање на време а времето не е битно. Бевме шокирани а особено кога доаѓате од Македонија и кога ќе ви речат времето не е битно поприлично сте загрижен бидејќи пораката претходно била не оваа среда, следниот петок се затвора прозорецот на можности и во следниот период ќе имате потешкотии итн. И на некој начин се чувствувате погоден од тоа дека некој ви рекол дека еве сега времето не е фактор. Ако застанете и размислите и земете еден чекор наназад погледнете ни ја кажал реалноста. Да, ќе почнеме преговори. Да, ќе станеме земја членка на Европа. Точно, се е прашање на време и најточно од се времето не е фактор. Во однос на тие кои одлучуваат. Зошто? Заклучоците кои ги видовме сега на последниот совет се нешто слично на она што го видовме пред година дена. Има две работи кои се за нотирање и за оние кои ги читаат редовно извештаите паѓа во очи тоа што вика велкомс, добро дојдени се, тоа е оној најдобар речник кои можете да го добиете, да ви речат добро

дојдено е нешто. Добро дојдени се договорите со Грција и Бугарија. И втората реченица вика, тејк гуд ноут оф рекомендејшн, добро забележавме дека има препорака, значи до сега било само забележавме, сега добро забележавме дека има препорака. И ова отприлика е препишано на препораките за Албанија. Класично препис на другото. Ќе се вратиме до октомври тоа е забелешката. Во нашиот случај таа забелешка е малку проблематична бидејќи во 2005 ние требало ова да го имаме. Не денес, не вчера, не за една недела, не за еден месец него во 2005 година. Десет препораки сме добиле во меѓувреме значи сите нотирале дека сме имале препораки. Нема тука некаква дилема и сме воделе нешто што се нарекувало висок дијалог, висок пристапен дијалог односно пристапен дијалог на високо ниво во кое горе долу сме ги адресирале прашањата на што е битно за водење на преговори за членство. Со други зборови целава дебата која ние ја имаме денес и која на моменти наликува на да се биде или да не се биде за да имаме следната зима еден состанок кој се вика меѓу владина седница на која иста софра ќе седат земји членки на Европската Унија и претставници на Република Македонија. Значи говориме за ова, тоа да го добиеме не говориме за членство, не говориме за ратификации, не говориме за ништо друго говориме за меѓу владина седница која по логика на нештата ако ги земеме околностите требала да се случи некаде во 2005 година. И после десет препораки. Ова е првото прашање до каде сме. Еве до каде сме, тука сме.

Второто прашање е колку сме подготвени и добра работа за тоа е да бидеме свесни за подготвеноста што е битно. Две работи одлучуваат за тоа кога ќе влеземе во Европската Унија. Првото е политика. Второто е реален капацитет за преземање на обврски. Во делот на политика секое проширување претходно политиката била клучна. Едно има исклучок а тоа е 95 кога влегуваат Австрија, Шведска и Финска бидејќи политичка дилема нема во тие земји. Природно и по стандарди во некои домени поставувале и повисоки стандарди од тоа што го имале земјите членки во тој момент.

Значи, политиката била пресудна и за нас во делот на политиката она што го споменува Комисијата и го потврдува советот е дека Грција и Бугарија се битниот дел во политичкиот сегмент и со оглед а тоа ние би требало сега да бидеме ставени на шини и да итаме кон Европската унија. Вториот дел, е реалниот капацитет за преземање на обврски и во овој дел добрата фела има изработено нашата администрација со еден преглед на сите формулации кои се користеле од 2015 година до 2019 година во истите извештаи во 33 поглавја за преземање на одговорност. И, ако ги погледнете тие табели, одлично изработени од македонска администрација, значи која квалификација, на која оценка би ја дале и преточено и во нашиот образовен систем со едни оценки од 1 до 5. Нашата подготвеност од 2015 година до 2019 година била некаде на ниво 3, значи ги имате и точните оценки, во децимали се работи, но биле некаде на 3, уште поважно од тоа е колку напредок сме постигнале во тој меѓу период, стапката на раст. Значи, првото е до кое ниво сме стигнале а второто е, колку сме пораснале од тој меѓу период. И, таму оценката е 3, значи, 3 и 3, 2015 година, 2019 година. Ако се вратиме на назад и ја користиме истата методологија во поранешни извештаи во идни ќе можеме да споредиме дали сме се одлепиле или не сме се одлепиле од таа точка. Денес во тој дел сме, и ова се однесува на нашиот капацитет да преземаме обврски. Значи, малку да се погледнеме и самите себе си. Главно, трето прашање, значи, првото беше до каде сме, констатиравме, ние дебатираме за нешто што требало да ни се случи пред 15 години и уште разговараме за тоа, значи, седнување на иста софра, второто, колку сме подготвени во делот на политиката велат дека не изгледа лошо

со оглед на тоа дека сме ги решиле проблемите со Грција и Бугарија и така на пример било увидено, бидејќи вели, welcomes, добредојдена е, добро дојдени се договорите со Грција и со Бугарија. Во реалниот капацитет, ние стагнираме долг низ години и тоа е логично. Како вие можете да одите напред кога никој не ви води процес за пристапување кон Европската унија. Ние да продолжиме уште 3 месеци да разговараме, и октомври да помине, пак тоа ќе биде. Не можете, ако не ве стават на точак да возите, да извозите определен пат. А, ние стоиме и веруваме. Заради контекстот кој го имаме, значи, 2005, 2019 година, ова го спомнувам во контекст на 4тата препорака кој ни ја кажа германскиот пратеник а тоа е: Времето не е фактор. Некој во 2005 да не разбудел и да ни речел, знаете 2019 година ќе разговарате околу тоа да седнеме на иста софра на меѓу владина седница, ќе сме го направеле луд. Денес е 2019 година. Третата точка, каде сакаме и каде можеме да стигнеме? Ова е најбитното. Каде сакаме зависи од нас. Можеме да се договориме и мислам дека имаме Национален консензус и никој не добива избори во Македонија заради тоа што сакал или не сакал да биде во Европската унија, бидејќи 90% од граѓаните ви велат сакаме, нема што да размислувате. И, тоа е логично. А, каде можеме да стигнеме тоа не зависи со нас, зависи од земјите членки, бидејќи е политичка одлука, да не го заборавaме тоа. Во делот што ние можеме да направиме, прво, не треба да заборавиме дека не преговараме, значи, нема преговори. Европската унија е најголемиот заеднички пазар во светот, 500 милиони луѓе. Европската унија не преговара сега со една од најмоќните земји членки и вели, тоа е договорот што го договоривме, можете подоцна, порано, вам условите за разделување се тие и ќе одиме понатаму. Мислите дека Европската унија ќе преговара со нас? Па, ние сите заедно, од Балкан, 6 земји членки сме еден голем супермаркет. Во предградие на Париз или на Берлин. Значи, нема да преговараме. Од тука треба да почнеме. Што можеме да направиме? Малку, по малку закони, се претворивме низ годините во една печатница на закони со една таква брзина, мислам дека ни записничарите долу не можат да запишат колку закони се предлагаат и колку се менуваат и со каква брзина, а малку повеќе примена. Бидејќи секоја дискусија кој закон како се применува овде се сведува на тоа, ајде терај работа имаме таму табела, уште 5 закони да изгласаме и се качивме на возот. Веројатно помалку маркетинг, тоа ни е исто така сериозен проблем бидејќи многу повеќе забави имаме организирано за почеток, за подготовка, не знам, тунелот, за едно, за друго, а многу помалку имаме реформи во пракса спроведено и ова е не дискриминирачка констатација која исто така ја има во извештајот. Не случајно имаме такви квалификации, какви што имаме. Дефинитивно нешто што зависи само од нас, некаква промена во однос на култура и јавна свест. Ако навистина сме сите договорени дека треба да одиме кон Европската унија, ако навистина сакаме да стигнеме таму и барем од делот кој зависи од нас, час поскоро да ги исполниме критериумите, милам дека има многу работи кои можеме да почнеме да ги менуваме тука од Собранието.

Заклучок. Во однос на тоа каде можеме, мораме да констатираме дека германскиот пратеник е сосема во право. Ова ќе биде долг пат, многу долг пат. Исто така, како што некому не веројатно му звучело во 2005 година дека во 2019 година ќе бидеме тука и ќе разговараме за ова, ова е веројатно дека некој друг во 2032 година ќе разговара на други теми со еден друг контекст во однос на тоа, што сме размислувале ние во 2019 година. Ако ние не сме подготвени на тоа, ако не ги согледаме реално работите, ние, ќе ни расте фрустрацијата, година после година ќе ги губиме граѓаните, нивната душа, нивната верба во Европска кауза и на некој начин ќе бидеме соучесници во рушење во најуспешниот сон на

Европскиот континент. Мировен проект, 70 години никој не војувал на овој континент, барем тие што се внатре во клубот, ние сакаме да бидеме како нив. Значи, многу долг пат, тоа е и реално, сега се разговара финансиска рамка бидејќи членството и пари, треба резервираат, треба да извадат од пред пристапни фондови, треба да стават за пристапни фондови. Значи, не знам, идни структурни, идна заедничка политика и т.н. Сега, во моментов разговараат за рамка 2021-2028 година, нема да има пари за проширување, само размислете со што се соочени, трговска војна, потенцијална, преструктуирање внатре во фондовите и голем знак прашалник на кампањата која се водеше во Британија, нели оние фамозни 350 милиони фунти кои одат месечно во Брисел, за кои многумина во националните Парламенти сметаат дека треба да се подобри демократскиот капацитет или очетноста за да се приближи до граѓаните на Европската унија. Во таа листа ние не сме приоритет, значи 2021, 2028 година тешко дека ќе има кеш во Европски Буџет за да се насочи за членство на идни земји членки од Балканот. Што е следниот план? Следниот план е 2028-2034 година. Чесно е да се надеваме дека во таа буџетска рамка ќе има сериозни фондови и тоа е една рамка која ќе рече во следниот период ќе има земји членки и дека за нив треба да се прилагодиме во рамки на тој период од 28ма и 34та. Но, ако треба да се обложиме денес, дали ќе биде 28-ма или 34-та, го гледаме составот во Европскиот Парламент, ги гледаме предизвиците со кои се соочуваат и гледаме две клучни пораки, едната е од Берлин која вика: Да, членство, не сега, малку подоцна и другата е од Париз, која ни вели: Да, членство, но не вака. Прво мора да се смени Европската унија. Ако ние сме наивни дека прво нема да и треба време на Европската унија сама да се преструктуира а ние да се прилагодиме Комисијата неа, повторно фрустрација. Европската унија нема да се прилагоди кон нас, и тоа нема да се случи преку ноќ. Заклучок, во рамки на една ваква прогноза, треба да се посветиме малку повеќе на тоа што зависи од нас, без разлика на славје, забави и маркетинг и малку повеќе да се посветиме на нешто во крајна линија би зависело или би го подобрило животот на сите граѓани тука а тоа е: Како да приближиме, како да ја приближиме нашата кауза до европските гласачи, затоа што и тие луѓе што носат одлуки имаат нивни гласачи, дека цената на чинење на неинтегрирање на Балканот во Европа, не е нула, во животот или одите напред или одите назад. Стабилност и имагинарна работа, ако ние не одиме напред и ако ние како регион не се интегрираме во Европската унија доволно брзо, ќе има цена на чинење, не го зборувам тоа затоа што ние треба да се закануваме, скраја било, никој нема да не прими затоа што, не знам, ќе сме биле дестабилизирани и т.н. Сосем спротивно, нема да не примат, но мораме да пратиме поинаква порака од онаа која ја праќаме денес. Тоа веројатно ќе оди во пакет, тоа нема веројатно да зависи само од Македонија, но мораме да се прилагодиме на новата европска реалност. Благодарам.

**Никола Попоски:**

Следен за збор е потпретседателот на Националниот совет за европска интеграција, Ивана Туфегџиќ. Повелете.

**Ивана Туфеџиќ:** Ви благодарам претседателе.

Почитувани амбасадори, почитуван заменик претседател на Владата, почитувани претставници на дипломатскиот кор, почитувани претставници на граѓанските здруженија, колеги, медиуми. Јас многу размислував што да зборувам, зошто изминативе недели, генерално пораките се повторуваат и од двете страни, меѓутоа некако успеав тоа некако да го срочам во три поенти, и ќе почнам со првата, која што за мене е клучна, а тоа е за

категоријата на граѓани кои ги застапувам, а тоа се младите. Без разлика дали ме гласале или не ме гласале, тоа е ирелевантно, важно е дека ние зборуваме за една категорија која што често во кампањите сеословува како иднината на земјата без при тоа да се види дека тоа е и сегашноста на земјата. И, таа категорија на луѓе, го врзува своето останување во земјата со Европската перспектива, покрај тоа што си заминуваат поради економски, пред се причини. Меѓутоа, во еден од заклучоците од советот стои и справувањето со braindrain и создавање на позитивна економска перспектива за младите луѓе од земјите од западен Балкан. Точно, дека одговорноста пред се лежи кај властите и кај опозицијата во секоја од Западен Балкан, но тука одговорност има и Европската унија. Зошто? Затоа што, сите истражувања до сега покажуваат дека младите го врзуваат својот опстанок во овие земји со реална и кредибилна перспектива. И, таа перспектива, доколку се загрози, поради дебата која е внатрешна и тоа ме води кон втората поента а тоа е дебатата за вредности. Јас ќе се согласам и со францускиот амбасадор и со германскиот амбасадор, дека е од исклучително значење да се отвори една дебата за вредности, како во рамките на Европската унија така и во земјите на Западен Балкан. Бидејќи ние не сме имуни на било кој тренд кој што се појавува во Европа. А, тоа е трендот и на популизмот и на радикалните движења, и на манипулацијата со страв, и тоа се врзува директно...., претседателе само ако сакате за мир во салата. Благодарам. Мислам дека е коректно.

Дебатата околу вредности која што се врзува со сите движење кои што се јавуваат и во Европа, меѓутоа ние не сме имуни од таков тип на движења и тие најчесто се врзуваат со манипулации, со страв, а луѓето природно се плашат, кога не и се објаснуваат одредени работи или кога немаат доверба во институциите и тоа се вика криза на репрезентативната демократија која не трае од вчера, не трае ни во последниве две години, туку трае, подолг временски период и не е имун ниту Европскиот Парламент, ниту националните парламенти на земјите членки а се разбира и земјите од Западен Балкан. Јас верувам дека ние како држава мораме да се придржуваме кон Европските вредности и тие се пред се политички вредности. За тоа има еден дел од Копенхашките критериуми кој што е политички критериум. Се однесува на демократија, владеење на право, почитување на човековите права и слободи, и нивна гаранција и штитење. Ние тие критериуми никогаш, мислам дека не сме побарале да ни биде прогледано низ прсти за тие критериуми, бидејќи тоа е невозможно. Тоа е фундаментот на кој лежи и постои Европската унија. но, има и уште една верзија, а таа е солидарноста. Солидарноста, некако низ годиниве имам чувство дека се губи а тоа создава силна недоверба кон институциите пред се од категорија млади луѓе. Зошто? Затоа што, нивната природа, тие не веруваат во тоа што го зборуваме. А, не веруваат затоа што, не чувствуваат дека ги застапуваме. И, тоа е проблем со кој што не се соочува Европската унија, тоа е проблем со кој што се соочува и Северна Македонија, и Албанија, и Црна Гора, и Србија и сите земји во регионот. И, ние тој проблем мора да го адресираме, давајќи перспектива, и тоа ме води кон третата поента, бидејќи втората беше околу вредностите и дебатата околу вредностите не смее да се затвори, ниту во рамките на Европската унија ниту во рамките на нашите земји. Бидејќи без вредности нема демократија. Не без стабилност, стабилноста е продукт на демократијата и на почитувањето на овие вредности. И третиот елемент е улогата на опозицијата, граѓанското општество, медиумите и сите општествени чинители во една земја. И, тука имам неколку потпоенти, едната е дека, не добивање на датум за преговори, ние мораме да сфатиме дека тоа не е неуспех на Владата, тоа е неуспех на државата. Тоа е едната клучна поента. Ние можеме во

политичката битка да се расправаме околу разно разни работи, опозицијата ќе тврди едно, власта ќе тврди друго, но интересот е ист. А, тоа е верувам, добивање датум за преговори. Јас барем сакам да верувам дека власта и опозицијата барем тука имаат заеднички интерес. И, тој интерес е многу важен, за улогата на дијалогот со секој во општеството а тука пред се најголема одговорност има владејачкото мнозинство и Владата. Да го води тој дијалог, да воспостави тој дијалог, да овозможи простор еднаков за сите сили во тој дијалог и да ги вклучи активно сите можни човечки ресурси кои ги имаме за да продолжиме со засилен интензитет за реформи. Бидејќи, не смее да биде изговор, тоа што би биле малку разочарани, малку налутени и т.н за не спроведување на реформите. Тие не се предмет на преговарање со Европската унија туку тие се, пред се ние ги правиме за граѓаните на оваа земја, бидејќи граѓаните ги бараат тие реформи од нас. Јас се согласувам со колегата Попоски, дека е потребно да го намалиме темпото на донесување на закони и многу повеќе ова Собрание заеднички, и власта и опозицијата, да се посветат кон надзор на имплементацијата на тие закони. Мислам дека тоа е фер да си го зададеме како задача, затоа што, многу е поважно тоа што е на хартија за кое што сме се договориле а имавме такви примери, и за безбедносниот пакет, реформи, и за претходните реформи кои се спроведуваа во правосудството, кои гласани со двотретинско мнозинство и тука не може да се спори улогата на опозицијата или улогата на граѓанското општество или улогата на медиумите во секој од тие процеси. Но, она што мислам дека ќе биде многу важно во наредниот период е да сите ние заедно како засебни општествени чинители, медиумите се тука важен фактор, бидејќи тие ја следат работата и на Собранието и на Владата, граѓанското општество исто така, независните регулаторни тела кои постојат во државата за контрола , извршната власт, сите да се насочиме кон тоа да вршиме надзор над имплементација на сите досегашни закони кои биле донесени. За крај, не смееме никој да заборавиме, ниту претставниците на земјите членки, ниту ние како општествени чинители, како функционери кои имаат одговорност и обврска затоа што се гласани пред граѓаните Комисијата ги застапуваат. Да не заборавиме дека ова се што се прави е во интерес на тие граѓани, и без нив ние нема да постоиме. Затоа е важно тој дијалог да опстане и да не се претвори во алатка за политичка борба. Затоа што, додека ние се пресметуваме кој, како ги чита заклучоците на Советот, млади луѓе се пакуваат и си одат. Нема да не чекаат ние да се до расправаме околу темите, а за крај ќе остане прашање, дали воопшто ќе има смисла постоење на Парламент без да има граѓани. Благодарам.

**Никола Попоски:** Ви благодарам за вашето обраќање.

Би забележал дека има 4 пријавени говорници, по следниот редослед Драган Георгиевски Католичка црква и тројца пратеници, Милошоски Антонијо, Илија Димовски и Снежана Калеска Ванчева. Уште еден, Бојан Маринчич. Значи 5 говорници. Да не има некој поднел барање а било регистрирано. Не. Во ред. Ви благодарам. Во тој случај Драган Георгиевски има збор.

**Драган Георгиевски:**

Почитуван господине претседател на Националниот совет за евроинтеграции, ваши екселенции, почитувани пратеници, почитувани дами и господа, почитувани граѓани, Благодарам за можноста за прв пат да се обратам пред членовите на Националниот совет за евроинтеграции како претставник на Католичката црква која во нашата земја е претставена во ликот на Скопската бискупија од римски обред и Струмичко скопската епархија од византиски обред.

На почеток би сакал да истакнам дека ставот на Католичката црква кон македонските интеграции е сосема позитивен и подржувачки, што го потврдуваме и со самото наше присуство на седниците на Националниот совет за евроинтеграции во македонскиот парламент, за кое искрено ви благодариме.

Но сепак би сакале да истакнеме дека една од забелешките во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2019 година во Поглавјето 23, делот на фундаменталните права е дека е остварен добар напредок со усвојувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Истанбулската конвенција, додека во делот за слободата на изразувањето се истакнува дека е постигнат добар напредок, затоа што се донел нов Закон за прекинување на бременоста. Додека подготвеноста на земјата е определена со одреден степен на подготвеност, односно е умерено подготвена.

Во врска со овие споменати делови од Извештајот сакаме да го изразиме нашето несогласување за начинот на кој се водеше јавната дебата во врска со овие законски решенија. Мораме да истакнеме дека верските заедници се наведени во Уставот на Републиката како одвоени од државата, но и еднакви пред Законот.

Во Амандманот 8 на Уставот, Републиката ја гарантира, меѓу другото, и заштитата на верскиот идентитет на сите заедници. Истакнуваме дека верските заедници се директно вклучени во животот на граѓаните од неговиот почеток до неговиот крај, затоа што тоа е дел од нивниот верски идентитет. Улогата на верските заедници во нашата држава не може да се сведе само на проповедање на верските објекти, затоа што заедницата не ја прави објектот, туку верниците. Заради тоа, бараме да ни се дозволи пристап на јавните дебати и расправи кои ги организира ова Собрание за темите кои се од клучно значење за животот и неотуѓивото достоинство на човекот од неговиот зачеток од природната смрт, но и неговиот социјален живот.

Законите со кои се промовира прерано прекинување на бременоста се дефинираат поимите за родителството, а особено како заедница меѓу еден маж и една жена се теми кои се директно поврзани со животот на човекот, а оттаму се и тема за која верските заедници имаат што да кажат. Со тоа што бевме исклучени од јавната дебата и расправа пред донесувањето на овие закони, ни беше одземено фундаменталното право за слободно изразување, што сметаме дека не требаше да се случи во една демократска земја. Не е демократски, правото на едниот да се користи за да се погази правото на другиот. Не е демократски под превезот на уметноста да се скврнават светиите на другиот. Не е демократски да не се слуша гласот на верниците кои го сочинуваат мнозинството во нашата земја.

Накратко би сакал да се осврнам на неодамнешната посета на поглаварот на Католичката црква, светиот отец Папата Францис, кој својата посета на нашата земја на посвети на Света Мајка Тереза, светицата на светот, а родена тука во Скопје. Светиот отец го истакна делувањето на нејзините наследнички на македонската почва, сестрите мисионерки на љубовта и нивниот мајчински пристап кон најсиромашните меѓу сиромашните. Би сакал да истакнам еден цитат на Мајка Тереза од 1994 година: Најголемиот уништувач на мирот денес е абортусот, затоа што тоа е војна против детето, директно убиство на невиното дете. Убиство од самата мајка. А ако прифатиме дека мајката може да си го убие сопственото дете, како да им кажеме на останатите луѓе да не се убиваат меѓусебно.

На крај, би сакал уште еднаш да ги потврдам желбите на Католичката црква за што поскоро интегрирање на нашата земја во Европската Унија, но истовремено да ја истакнам потребата од поголема подготвеност за дијалог за темите кои е те како ги засегаат верските заедници.

Посакувам да го штитиме мирот и просперитетот на нашите граѓани и на нашата земја. Благодарам .

**Никола Поповски:** Благодарам.

Следен пријавен за збор е Антонијо Милошоски, претседател на Комисијата за надворешна политика, повелете.

**Антонијо Милошоски:** Благодарам почитуван претседател на Националниот совет, почитувани колеги пратеници, почитувани амбасадори од земјите членки на Европската Унија, сакав во моето обраќање да кажам и почитуван вицепремиер за евроинтеграции, но за жал, морам да констатирам дека трпението за дебата по однос на прашањето за кое што имаме консензус, европските интеграции, изгледа кај претставниците на Владата е ограничено. Во спротивно, вицепремиерот за евроинтеграции ќе беше тука и ќе ги сослушаше нашите и излагањата на другите.

Но, затоа ќе почнам со еден цитат, една изјава од вицепремиерот Бујар Османи од април 2018 година при донесувањето на Планот 18 кој што тој го најави како План за почеток на преговорите во јуни оваа година.

Ова е изјавата на вице премиерот Бујар Османи:

Евроинтеграциите се како видео игра, завршуваш едно ниво, поминуваш на друго ниво. И на последното ниво немаш време да размислуваш за првото ниво. Нашето последно ниво е во јуни - изјава на Бујар Османи, април 2018 година.

Сега сме јуни 2019 година кога што вице премиерот ја споменувал оваа видео игра, не сме поместени ниту едно ниво и сметам дека нам не ни треба нова видео игра, нам ни треба нов играч. Кога јас би бил на местото на Бујар Османи, би си поднел оставка од морални причини, за на претставниците од Европската Унија да им укажам дека погрешиле што не доделиле датум. Или ќе кажам, дека ветиле дека ќе доделат датум, а не го доделиле на земјата која што го заслужува од 2009 година.

Но, очигледно е дека и на вицепремиерот Османи и на премиерот Заев и на министерот Никола Димитров побитни им се позициите и министерските фотелји, од принципите преточени во овие симболични изјави за нивоа и видео игри на Македонија и Европската Унија.

Она што исто така сметам дека беше неточно кажано од негова страна, е дека има консензус во Советот на Европската Унија по однос на Македонија. Прашањето е за што има консензус. Да не се додели датум, или да се додели датум.

Моите информации кои што се јавно достапни, говорат дека во Советот на Европската Унија нема консензус за Македонија и Албанија да добијат одлука за почеток на преговорите за членство. Тука е амбасадорката на Хрватска, ништо лично, напротив позитивно, еден голем поддржувач на Република Македонија, министерката Пејчиновиќ Буриќ во изјава после состанокот на Советот на Европската Унија кажува дека за жал, кога минатата година имаше две земји членки кои што беа против одлука за отпочнување на преговорите, оваа година имаме повеќе земји членки кои што не се согласуваат Македонија и Албанија да ги почнат преговорите за членство. Ова е изјава која што потврдува дека во Советот на Европската Унија нема консензус. И за да немаме големи разочарувања, она за

што збореше претседателот на Националниот Совет, Никола Поповски, кај граѓаните, не треба да им даваме лажни очекувања, не треба да се фотографираме во владиниот авион, премиерот, вицепремиерот за евроинтеграции, министерот за надворешни работи и да шират лажни вети, лани во јули, дека Македонија добила датум за јуни оваа година. Во овој свет на глобални информации, на контакти меѓу луѓето, на странски весници и дописници кои што се многу добро информирани, не е чесно да се манипулира народот, да се манипулираат граѓаните дека Македонија добила датум минатата година, за сега да се соочиме со разочарување зошто државата не го добила датумот кој што го заслужува од 2009 година.

Втората работа која што исто така е битна е самиот Извештај. Би бил пристрасен јас доколку давам лична оценка за Извештајот, но затоа ќе искористам извештај на експертско тело, Институтот за европски политики кој што од 2009 година до денес прават табеларен пресек на секој извештај и секој извештај го рангираат според квалитетот на постигнувањата во Република Македонија. Според овие споредбени анализи на Институтот за европски политики кој што е со седиште во Скопје, најдобриот Извештај Република Македонија го има добиено 2011 година. И, цитирам: овој Извештај кој што го дискутираме денес е подобар од претходните два извештаи пред него, но се уште најдобар извештај за Република Македонија според оценките на Европската комисија е Извештајот до 2011 година. Затоа треба да разговараме со аргументи и факти кога говориме за евроинтеграциите.

Тоа што исто така сметам дека е битно е дека недобивањето на датум е на штета на целата држава, затоа што целата држава заслужила да добие датум уште пред 10 години, но тоа што денес е дополнително фактор кој што ги иритира граѓаните е што пред 10 години знаевме дека една земја членка ги блокира европските интеграции на Македонија и знаевме зошто. Затоа што им пречеше нашиот Устав, нашата определба, идентитет и признавањето на уставното име од многу држави во светот. Денес ја нема таа пречка, иако истата беше постигната спротивно на волјата на народот, но денес имаме повеќе земји членки кои што не се согласуваат Македонија и Албанија, кои што се третираа во пакет, да добијат датум за преговори со Европската Унија.

Овој факт, премиерот Заев, вицепремиерот Османи и министерот за надворешни работи Димитров, го знаеле уште во март оваа година, дека Македонија нема да добие датум во јуни. И знаеле многу добро колку и кои се земјите членки кои што не даваат согласност. Можеле, во најмала рака, тоа да споделат со јавноста за да нема големи разочарувања. Но, менаџментот со информациите и желбата и неуспехот да се претстави како успех, за жал, денес не доведоа во ситуација граѓаните да се збунети, разочарани и своето незадоволство да го насочуваат кон различни земји членки во Европската Унија.

Она што гледам дека се води исто така како дебата во Европската Унија, амбасадорите на Франција и на Германија беа премногу дипломатски и очекувано во нивниот речник, е дали проширувањето има приоритет или продлабочувањето и реформите во Европската Унија имаат приоритет за земјите членки.

За жал, во моментот доминира мислењето дека реформите во Европската Унија, продлабочувањето, дискутирањето на европските главоболки имаат приоритет пред нашите заслужени очекувања за датум за преговори.

Зошто сметам дека не треба државата, ниту Владата, ниту премиерот или другите министри да бидат опуштени од ваквиот заклучок на Советот на Европската Унија пред октомври. Затоа што три прашања во октомври ќе доминираат во интересите на земјите

членки. Првото прашање е како ќе се спроведе разделувањето на Велика Британија од Европската Унија, таканаречениот Брегзит. Многу големо и битно прашање. Ќе се дискутира во октомври. Второто прашање ќе биде Буџетот на Европската Унија, Европскиот парламент и Европската комисија, ќе се дискутира во октомври. И третото прашање ќе биде составот на новата Европска комисија. Кој ќе биде наследникот на Туск, на Могерини, на Хан, на претседателот на Европската комисија, Јункер.

Затоа сметам дека Владата треба да научи една лекција, бидејќи споменуваат дека од технички причини Бундестагот немал време да го разгледа Извештајот, дипломатски кажано, кога одредена земја членка сака да биде културна со вас и да не ви ги каже причините кои што може да ве разочараат најчесто се користи терминот, технички причини. Одложувањето на расправата за Македонија не е од технички причини. Но дури и да е таква, се надевам дека Владата сфаќа колку се битни после Лисабонскиот договор улогите на националните парламенти на земјите членки на Европската Унија. И дека не е доволно министерот Димитров и вицепремиерот Османи да појдат и да посетат владин претставник во Берлин и во Париз. Дека исто така битно е претставници на владејачките и на опозиционите партии од Собранието, за што стоиме на располагање, пратениците да појдат и да направат посети во данскиот, германскиот, холандскиот, францускиот парламент и да поразговараме со нашите колеги и да дадеме скромен придонес да се обидеме државата да го добие тоа што го заслужува, датум за почеток на преговорите со Европската Унија.

Благодарам.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Следен пријавен е Илија Димовски, член на Националниот совет за евроинтеграции. Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани амбасадори, почитувани членови на Националниот совет, пратеници, претставници на медиумите,

Прво да се обидам да ја расчистам дилемата дали опозицијата се вложи во добивањето на позитивен Извештај оваа година. На крај на краиштата, можеби не треба никој од опозицијата да го даде одговор, заради тоа што тој одговор го пишува во Извештајот. Опозицијата се вложи во добивањето на позитивен Извештај. Но морам да потенцирам, опозицијата тоа го прави во период кога постои организиран методолошки пристап на власта за прогон на опозицијата. Во период кога премиер на Владата на Република Македонија, на изборен митинг се фали со број на кривични пријави поднесени против позицијата. И опозицијата успева да го надмине тој елемент и успева максимално позитивно да се вложи во сите законски постапки кои што се во Собранието, да даде свој придонес и да гласа и да ги подржи сите реформски закони за кои што треба двотретинско мнозинство.

Второ. Дали европската перспектива ќе заврши во октомври? Не. Не ни требаат патетични изјави, колку и поединечни министри да се разочарани од својот удел и својот продукт во овој процес. Европската перспектива ниту почнала со некои од нас, ниту ќе заврши со некој од нас. Европската перспектива е темел на создавањето на независна македонска држава. Идејата за создавање на независна македонска држава е паралелна со идејата за европска Македонија. Програмите на политичките партии кои што беа носечки со идејата да се осамостои Македонија, беа со идејата дека Македонија треба да биде во една обединета Европа, како патека за културно обединување и на Македонија.

Почитувани колеги, мораме да расчистиме дека во јуни 2018 година, Владата пласираше лажна вест. Дека Македонија добила датум. И тука мислам дека не треба да има никаков отпор од ниту еден колега пратеник, заради тоа што на таквиот пи-ар пристап на Владата минатата година имаше реакции и од сериозни центри во Европската Унија. Но јас не можам да разберам зошто во момент кога имаме апсолутно ист заклучок по содржина и по порака од она што го имавме лани и сега, повторно Владата ја прави истата грешка. Дали има еден човек во Република Македонија, дали е тоа премиерот, министерот за надворешни работи, потпретседателот на Владата, Османи, или било кој што може да гарантира дека Република Македонија во октомври ќе добие препорака. Дали има еден? Вчера го слушнавме министерот Димитров на телевизија дека кажа дека не може да гарантира. Но прашувам, дали има некој што може да гарантира?

Јас би ви рекол дека Република Македонија во следните неколку месеци има мали шанси ако вложи напори да се надева на препорака. Мали шанси. Ако Македонија продолжи внатрешната дебата да ја води врз база на агендата на владиниот пи-ар, тогаш Македонија нема ниту мали шанси да добие препорака. Што заради внатрешни проблеми, што заради тоа што амбасадорите не сакаат да ни го кажат,  но го кажуваат таму каде што треба, што заради внатрешниот контекст во Европската Унија.

Што одлучи Европската Унија пред неколку дена? И дали одлучи со консензус? Да тоа што го одлучи го одлучи со консензус и немаше ниту една држава против за заклучокот да не се даде датум. Но зошто не одлучи позитивно да се даде датум? Онака како што побараа 13 држави членки и онака како што побара Европската Комисија. Што е клучното прашање? Зошто Европската Унија не одлучи онака како што побара Европската Комисија? И онака како што 13 членки, држави, побараа. Посебно во контекст на затварање на едно за нас едно болно национално прашање. Имаше дискусии токму во оваа сала, почитувани колеги, некој ќе се присети од вас, во првата и во втората фаза на разгледување на уставните амандмани. Еден од поискусните и повозрасни колеги во Собранието имаше дискусија, со која што бараше каузалност, поврзаност и условување на имплементацијата на Преспанскиот договор со чекорите кои што Република Македонија треба да ги направи кон Европската Унија. Прва фаза, втора фаза, трета фаза, четврта фаза.  Тој почитуван колега, повозрасен и поискусен од повеќето од нас, велеше дека финалната фаза на употреба на новото име во внатрешна употреба во било каков контекст треба да биде во момент кога Македонија ќе стане членка на Европската Унија. Почитувани колеги, фрустрацијата на македонските граѓани во овој момент е двојна. Прво, заради тоа што овој процес за нас трае предолго, ќе потсетам дека во 2005, под водство на премиерот Бучковски, Република Македонија стана кандидат за членство во Европската Унија. Под водство на премиерот Груевски во 2009 го доби првиот позитивен извештај. Овој процес за нас трае предолго, Македонија најпрепорачувана земја за членство во Европската Унија. Значи нема друга држава во Европа која што добила толку многу препораки. Но второто ниво на фрустрација во овој момент на македонските граѓани е поврзано со имплеметнацијата на Преспанскиот договор. Мнозинството од граѓани на Република Македонија не излегоа на референдум. Мнозинството од Македонци во Република Македонија не го поддржуваат Преспанскиот договор. Не добивањето на она што Владата го ветуваше, во референдумската кампања само го зацврстува односот на граѓаните спрема Преспанскиот договор. Затоа фрустрацијата е сериозна и затоа изненадувањето е големо, зошто Владата не успеа во моментите на преговарање на Преспанскиот договор да направи каузалност со нашите

чекори кон Европската Унија. Сега мој пријатели кои што излегоа на референдум и го поддржуваа целиот тој процес велат зашто го направивме тоа. Се поставува голема дилема. И доколку Република Македонија, почитувани амбасадори, долго време биде во оваа лимбо ситуација, и не добие она што го заслужува, таквата фрустрација ќе биде се поголема и посериозна. Затоа мислам дека и Европската Унија има одговорност кон Република Македонија и кон граѓаните на Република Македонија, не најголема, секако нашата на политичарите овде е најголема, најзначајна, прво да бидеме објективни и реални, за да можеме да направиме заедничка стратегија а потоа и на нашите партнери во Европската Унија. Дали е добар извештајот, носечките елементи на извештајот се добри, дали би се вплеткал во градација кој бил добар, кој бил подобар, кој бил најдобар извештај, како што пред некое време премиерот се обидуваше да ги иневилира работите не, нема да се вплеткам во таа работа. Дали има области кои што дипломатски и политички се критикувани во извештајот? Да. Кои се тие области? Тие се областите кои што најмногу ги интересираат граѓаните, земјоделие, економија, администрација посебно итн. итн. Значи политичкиот пакет е позитивен за Република Македонија, но содржината на она што Република Македонија им го пласира на граѓаните не е позитивна и тука не треба да се лажеме. Дали Македонија во моментов ги исполнува условите да започне преговори со Европската Унија? Да, ги исполни пред 10 години, не во овој момент. И дали Република Македонија, почитувани колеги, во сите сегменти кои што покрива извештајот е подобра од некои држави членки на Европската Унија? Да, Република Македонија во овој момент подобро функционира во сегментите опфатени со извештајот споредено со некои членки на Европската Унија. Дали ова го чувствуваме како неправда? Го чувствуваме. Дали тоа треба да ни создава фрустрација? Не треба да ни создава фрустрации. Дали треба да бидеме патетични? Не треба да бидеме патетични, треба да седнеме, прво да бидеме објективни, да не не води Владиниот пиар, тие имаат агенда во која што прв приоритет е Владата да остане на власт, тоа било секогаш така, тоа ќе биде секогаш така. Но, дали тоа е основата по која што треба националната стратегија за наше приближување кон ЕУ да ја водиме, не. Тие треба да бидат сегментот од националната стратегија, но не треба да бидат водечки сегмент. Мене ме плашат некои работи, кои што мора да ги спомнеме, најдобро во присуство на двајцата почитувани амбасадори, во едно прес релисот Францускoто министерство деновиве можеме да прочитаме проширувањето не може да биде наша единствена алатка за менаџирање на односите со тој регион, се мисли на Балканскиот регион и една најнова изјава од почитуваната канцеларка Меркел која што вели од моја страна, значи од нејзина страна, јас би сакала да речам дека ние не треба да го избегнуваме терминот привилегирано партнерство со тој регион. Овие изјави треба да ги имаме во предвид, кога создаваме надеж кај граѓаните, за да не дојдеме во ситуација граѓаните да се фрустрираат и се повеќе и повеќе да ја напуштаат Република Македонија. Не би ги повторувал состојбите кои што Европската Унија ќе ги има како приоритет повисок во октомври кои што ги спомна колегата Милошовски, но тие се многу сериозни и треба да ги имаме во предвид. Дали опозицијата беше конструктивна и коректна во овој процес, спомнав на почетокот, ќе спомнам уште еднаш, да во сите процеси на донесување на Закони кои што се значајни за реформите во Република Македонија, учествувавме не само со гласање туку и со десетици десетици предлози за нивно подобрување, Законот за судски совет, другите Закони од судската сфера, Законот за антикорупциската комисија односно општиот Закон за антикорупција, пакетот на Закони во безбедносната сфера, учествуваме во разговори,за Законот за јавното

обвинителство итн. и ќе повторам во момент, почитувани амбасадори кога премиерот на Република Македонија на изборен митинг се фали со бројот на кривични пријави поднесени против опозицијата. Колкав и да е притисокот од Владата и од контролираните институции под Владата, опозицијата ќе остане посветена на Европскиот пат и од тоа нема да излеземе, заради тоа што Европскиот пат е во темелот на создавањето на независната македонска држава. Нас не радува  оценката за Македонскиот парламент, која што е прилично позитивна, заради тоа што тука учествуваме и ја рачунаме како дел од себе. Дали е тоа најдобро што можеме да го понудиме како Македонски парламент? Не, ние во моментот разговараме за подобрување на деловникот за работа на Македонскиот парламент. Дали има забелешки и маани во работата на Македонскиот парламент?  Да, има во оваа година дупло е поголем бројот на Закони донесени по скратена постапка од Закони донесени во редовна постапка, 34 се донесени по скратена постапка, а 17 се донесени по редовна постапка, врз база на извештајот на службите во Собранието на Република Македонија**.** Друга работа која што мора да ја имаме во предвид е состојбата во соседна Албанија, соседна Албанија минува низ сериозен политички турбулентен период, кој што навидум за жал, изгледа ќе е попроблематичен од оној низ кој што ние поминавме пред 4-5 години, дека нешто можеме како соседна држава да помогнеме не верувам, можеме да им пожелиме што побрзо да ги истрпат негативните искуства од Република Македонија и да не минат низ она низ кое што ние миневме, што побрзо да седнат и што пократко да им трае тој веројатно нов пржински процес низ кој што ќе мора да поминат, но мораме да бидеме објективни, колку повеќе ескалира состојбата во соседна Албанија, шансите за стабилизација на овој регион и добивање на некаква прецизна перспектива ќе бидат сериозно нарушени. Што од тука натаму почитувани колеги, не треба да ја плашиме Европа дека ако нема датум ќе се изгуби мнозинството во Собрание, тоа се случува во сите Европски држави, не треба да ја плашиме Европа дека ако нема датум ќе има дестабилизација на државата, заради тоа што таквата дестабилизација би значела дека не ги исполнуваме стандардите. Не треба да ја плашиме Европа дека ќе падне Владата, ако нема датум, заради тоа што ако Владата падне значи нема легитимитет и мора да оди низ еден нормален демократски процес на ријалекшн и на потврда на легитимиетот, треба заедно да направиме национална стратегија што понатаму и како понатаму, со конструктивен приод и од опозицијата и од Владата и да прекинеме оваа тема да ја користиме за политички пиар, посебно водечка насока во дискусијата за Европската перспектива да престане да биде давана од Владиниот пиар, оваа тема е општо национална тема и оваа тема треба да биде доминантно на Македонскиот парламент,

Владата треба да ги спроведува насоките кои што ќе ги добива од овој дом. Благодарам.

**Никола Поповски**: Ви благодарам. Следна пријавена е пратеничката Снежана Калеска Ванчева, повелете.

**Снежана Калеска Ванчева**: Почитувани екселенции, почитувани колеги, почитувани гости, почитувани медиуми, јас накратко ќе се осврнам на две клучни работи бидејќи во добар дел она што го имав на ум да го кажам, беше веќе кажано, повторено неколку пати и од моите колеги, но и од вицепремиерот Бујар Османи, но иако од различен агол беа некои работи истакнати особено од моите колеги од опозицијата. Јас ќе почнам со она што мојот почитуван колега Димовски жал ми е што замина, што нема да ме слушне, го кажа дека на крајот а тоа е дека ние денеска разговараме за нешто што е национална тема, да, нема ништо пообединувачко, понационално, поважно за Република Северна Македонија од

евроинтеграциите и конечно добивањето на датумот со почнување на преговори. Дали ни е тешко? Да. Дали сме помалку разочарани, фрустрирани, јас мислам дека не постои човек во оваа наша држава што во овој момент не се чувствува така и покрај сите објективни причини кои што се наведени од Европската Комисија, од сите евро претставници, а денеска ги слушнавме и од почитуваните амбасадори и тие се точни. Тоа воопшто не е спорно. Но, исто така е точно дека очекувањата реално беа подигнати на ова ниво, а најголема, уствари добар дел од таа заслуга за толку подигнати очекувања имаше самата Европска Комисија. Да не заборавиме за целосното охрабрување кое што го имавме и начинот на кој што бевме храбрени за да поминеме низ тешките и болни процеси на уставните промени, за кои што за жал опозицијата не смогна сили да се приклучи, туку напротив, тогаш имавме и опструкции. Да не заборавиме, значи ние поминавме многу тежок и болен процес за да имаме целосна исполнетост на политичките критериуми и она што беше најголемиот камен на сопнување, а тоа е спорот со Република Грција. Оваа позиција, значи изнајде сили да го спроведе Референдумот, да ги спроведе уставните измени и да истовремено да во овој парламент се носат клучни реформски Закони за кои што за волја на вистината точно за нив во делот на безбедноста, во делот на правосудството, Законот за спречување на корупција, дури и Законот за спречување од дискриминација беше поддржан од опозицијата и тука нема што да дебатираме дали е вака или е така. Тоа се факти. И јас само можам да кажам дека искрено се надевам дека во тој дух, ќе продолжиме, но сепак да немаме толку кратко паметење, навистина не можам да се согласам со некои наши колеги кои кажуваат овдека дека како опозицијата тоа така се е глатко поддржала, дека проблемот е во Владата, дали еднашка ние ќе се погледнеме сите во очи и навистина ќе говориме со јазикот на фактите. Јас сум правник по вокација за мене фактите се први и основни. И на фактите треба да ја градиме тезата, теоријата, Законот, а не на манипулации. Значи минатото не смееме да го заборавиме, токму заради чекорите во иднината. И навистина се надевам, дека опозицијата нема да го заборави тоа минато. Бидејќи за волја на вистината, има огромен придонес зошто Македонија чека пред портите на Европската Унија од 2005 година. И сега сето тоа не е важно, проблем е Владиниот пиар дека Владата тоа го направила со тоа што ја изманипулирала јавноста дека е добиен датум, јас не сакам да паразафирам што кажал некој амбасадор, висок европски претставник или што кажал нашиот премиер, но, едно знам дека секогаш, пак ќе кажам, пред фактите и боговоите молчат. Значи ние имаме извештај и не сакам да се навраќам на него бидејќи мислам дека на сите им е совршено јасно што кажува тој извештај. Значи каде имаме напредок, каде имаме поголем напредок, каде имаме среден напредок, каде немаме се уште напредок, но факт е дека Македонија е спремна да ги отпочне преговорите со Европската Унија. Е сега доаѓаме до она што за мене е клучно и тоа се два сегменти, тука се согласувам со моите колеги кои што кажаа дека од опозицијата што кажаа дека ни престои период во кој што овој национален парламент, значи ова Собрание наше треба да ја одигра својата клучна улога, а тоа е во процесот до октомври, за кој што јас длабоко верувам дека ќе биде светлиот октомври за нас. Бидејќи навистина не сакам да верувам дека нашите очекувања ќе бидат изневерени, а нашите очекувања се сите како оправдани. Но, ние мораме да ја сработиме нашата задача и не смееме да оставиме ништо на случајот. Тоа го говорев и при посетата на нашите колеги од Германскиот Бундестаг, минатата пред неколку дена, кои беа гости во Македонскиот парламент. Значи ние сме спремни, ние тоа го работиме и сакаме и мораме да го работиме уште повеќе. А што е тоа што треба да го работиме на два плана, тоа е на домашен план да ги испорачаме законите

кои што ни се неопходни во процесот на реформи, да ја зајакнеме нашата надзорна улога врз имплементацијата која што ни е послаба страна и на надворешен план, на нашите колеги од Европските парламенти да им објасниме и да им кажеме дека невозможна е стабилноста на Европа без стабилна Македонија, без стабилен Балкан. А стабилен Балкан надвор од Европска Унија е минско поле, е минско поле историјата тоа го покажала многу пати, ние сме спремни, ние сме дел, како сакате.

Дали географски, дали политички, на било кој начин ние сме поврзани, интегрирани и ментално, ние сме ментално Европјани. И, тоа никој не може да ни го одземе, јас не сум помалку европјанка од било кој друг и сигурно никоја од нас. е, тоа е она што ние мораме да им го објасниме на нашите колеги парламентарци, избраниците од народот, кој што треба тие стравови и таа перцепција која што постои во одредени земји, оправдано, не оправдано, од икс причини. Дека проширувањето сега на Европската унија со приклучувањето на земјите од Балканот, би ја нарушило нивната стабилност. Јас знам дека мигрантската криза одигра голема улога тука но треба да ги потсетиме дека таа мигрантска криза која што се надмина, се надмина во голем дел ради, срцето, способноста, капацитетите, волјата на овој Македонски народ, на овој народ што живее на овие простори, на оваа држава, ваква, таква, со сите проблеми кои што ги имаме. Ние најдобри на свет не, не сме. Имаме проблеми со закони, имаме проблеми со владеењата, имаме проблеми со корупција, имаме. Но, јас ќе ве прашам: Дали Европа нема проблеми со корупција? Ние треба да ја искорениме корупцијата за да бидеме спремни за да влеземе во Европската унија? тешко. Ако е тоа пред условот, тогаш сигурно никогаш нема да станеме дел од Европската унија, бидејќи тогаш веќе треба да се запрашаме: Постои ли држава, членка на Европската унија во која што нема корупција? Не постои. Но, исто така, треба да сфатиме дека мора да имаме систем изграден, здрав и политика волја за борба против корупцијата. Тоа ние веќе го покажуваме, да, знам дека каменот на сопнување сега во тој дел со опозицијата ни е Законот за обвинителство но уверена сум дека и тоа ќе го надминеме. Точно. Јас ги разбирам, не е лесно да видни опозициски политичари бидат под обвинение, под истрага, да бидат осудени. Тоа е катарза за секоја политичка партија, но што треба да направиме? Да заборавиме се? Не, борбата за владеење на право не подразбира заборавање но подразбира, Европски закони, закони кои што овозможуваат еднаков пристап на сите кон правдата и овозможува да секој оној кој што се огрешил од законот, ја добие заслужената казна. Е, тоа е она што ние мора да го правиме, а дека корупцијата ќе ја искорениме, треба да искорениме и влеземе во Европа, тоа, тоа тешко. Затоа што, јасно е дека, се повеќе и повеќе, знаете, секогаш е криминалот чекор пред државата, пред органите и никогаш не може државата да биде чекор пред криминалот. Но, таа мора му погледне во очи и да каже: Јас морам да се борам, и да гради системи за борба против криминалот. И, тоа го прават сите, сите наши пријателски земји од Европската унија која по успешно, која помалку успешно, но сите вложуваат огромни капацитети во борбата против корупцијата и владеењето на правото. Јас тука ќе завршам, само ќе кажам дека, клубот на слободни и Обединети нации како што е Европската унија има свој зародиш после втората светска војна. Изградена е, тој клуб изграден е и направен врз темелни принципи од кој што еден е солидарноста. Јас Ве молам, господа амбасадори, упатувам апел кон целата Европската унија, да не ги заборавиме темелните принципи на кој што почива Европската унија исто како што не можеме и не смееме да ги заборавиме темелните принципи и на кој што е човековата декларација, заштита. Декларацијата на Обединетите нации не смееме да ја заборавиме. Исто не смееме

да ги заборавиме принципите на кој што е создадена Европската унија. Со сите проблеми кои што ги има Европската унија. Европската унија не може да продолжи понатаму доколку не се наврати повторно на нив и ги постави повторно на пиедесталот. Ако ги постави тие принципи на пиедесталот, Балканот веднаш ќе биде дел од Европската унија. Тие процеси ќе бидат веднаш вклучени. Ви благодарам многу.

**Никола Попоски:** Ви благодарам.

Следен пријавен е Бојан Маричиќ член на Националниот совет за Европска интеграции и претставник на кабинетот на претседателот на Владата. Повелете.

**Бојан Маричиќ:** Благодарам.

Претседателе Попоски, потпретседателке Туфегџиќ, почитувани амбасадори, почитувани пратеници и членови на Националниот совет, почитувани медиуми. Навистина е задоволство да се учествува бидејќи немаме многу честа можност да дискутираме и да разговараме на Националниот совет за Европски интеграции и сметам што почесто се состануваме и дискутираме, таа дискусија ќе биде попродуктивна, поплодна и ќе им даде можности на граѓаните да ги согледаат состојбите, да се информираат но и да градиме заеднички национален консензус по однос на ова најважно прашање.

Разбирам зошто оваа дискусија е врамена надвор од самиот Извештај, бидејќи е поширока дискусијата, тоа е точно, но исто така не можеме да го избегнеме фактот дека ова навистина беше најуспешен Извештај досега, најпозитивните оценки досега во последните 10 години. Пратеникот Милошоски спомна дека најуспешниот Извештај бил во 2011 година. Веројатно, тоа е оној Извештај кој што ниту тогашниот претседател Иванов, ниту тогашниот премиер Груевски не сакаа да го примат од амбасадорот Фуере и амбасадорот Фуере беше во многу тешка ситуација веднаш после тој Извештај. Така што, ако тоа бил најдобриот Извештај, како ли изгледаше најлошиот Извештај 2016 година, кога вие бевте на власт, кога ја добивме категоризацијата на заробена држава. И од тогаш до денес, од заробена држава до блескав пример во регионот и по реформите и по решавање на билатералните прашања стои во извештаите. Така што не може да се надмине овој факт дека во 2016 година од позиција на заробена држава, сме дошле денес во позиција на блескав пример и во реформите и во решавањето на отворените прашања.

Сме биле подготвени во 2009 година да ги почнеме преговорите. Точно е, сме имале препорака, меѓутоа, не биле исполнети сите услови. Не сме ги имале решени билатералните спорови со соседите. Денес сите претпоставки се исполнети и затоа имаме сосема право да се надеваме дека оваа година ќе ги почнеме преговорите. Ниту едно отворено прашање немаме со нашите соседи, два успешни договори кои што се модел за Европската Унија, постигнавме значаен напредок во реформите и треба да се признае тоа, дека над 10-тина закони беа усвоени со двотретинско мнозинство и со учество на опозицијата. Треба да се признае тоа дека се одважија група на пратеници од опозицијата и ги поддржа уставните амандмани. И тоа е за поздравување. Се на се, имаме една успешна година. Тоа и вие го кажавте во вашите излагања. Јас би апелирал да не се пропушта шансата да се поздрави овој успех кој што е на целата државата и да се продолжи понатаму заедно.

Јас разбирам зошто настапувате од оваа позиција. Како, еве единствен претставник на Владата кој што остана, би сакал и во таа смисла да одговорам, бидејќи 11 години не можевте или не успеавте да испорачате еден од клучните успеси во исполнување на целите на нашата надворешна политика, но денес имате шанса да учествувате во успехот. И мислам дека тоа треба да се искористи.

Прашувате што е различно од минатиот јуни до јуни ова година. Еве јас ќе Ви кажам што е различно. Имаме поминато 26 технички подготвителни скрининзи за 26 различни поглавја. Идната недела ќе биде 27-то поглавје и тоа се подготвителни состаноци за преговорите што следуваат. На тие преговори учествуваа претставници на нашите институции, претставници на институциите од Република Албанија и претставници на службите на Европската комисија. Тие подготвителни состаноци ни даваат слика до каде сме, колку сме подготвени и колку уште ни треба ад се прилагодиме во текот на разговорите, преговорите или преговарањето на динамиката за прилагодување. Се наоѓаме денес во крајна фаза на подготовка на преговарачката структура и со успешен Извештај позади нас. Се на се, можеме да кажеме слободно дека сме подготвени да започнеме со преговорите. Впрочем тоа го потврдивте и вие пратениците.

Ние секако до октомври немаме луксуз ниту да чекаме, ниту да седиме, ниту да се надеваме само на зборовите. Вредно ќе работиме, заедно Владата и Собранието и ќе докажеме дека секое наредно одлагање би било и неправедно, но и неодржливо. Во таа смисла се изјавите, не се во смисла на надворешно политичка поезија, како што ја нарекувате.

Но исто така треба да ја искористиме приликата да испратиме порака до државите членки. Петнаесет години во чекалната, ќе се согласите дека е доволно долго за да ги започнеме преговорите денес и да се надеваме дека во првото наредно проширување, во таква каква што ќе биде Унијата, би можеле ние да бидеме дел од тоа проширување. Сфаќаме дека се потребни реформи во рамките на Унијата. Ние сакаме тие реформи да ги помогнеме и тоа сме го испратиле како порака и до француските пратеници и до германските пратеници и до сите кои што се засегнати и заинтересирани. Веруваме дека може паралелно да тече процесот на проширување и процесот на реформирање, бидејќи во реформирањето и идната визија за Европската Унија треба да влезе и Западниот Балкан во тие рамки. И сите сме согласни тука дека Република Северна Македонија го заслужи почетокот на преговорите и убедени сме дека во октомври ќе се донесе одлуката.

Цела среќа е што со претседателот Поповски бевме заедно на оваа дебата со германските и француските пртеници, и со Ивана исто така, кога се спомнуваше дека факторот не е време во проширувањето, контекстот беше разликата меѓу јуни и октомври. Разликата дали ќе биде одлуката во јуни или во октомври, во таа смисла беше кажано од страна на тие пратеници дека факторот не е време, а не во смисла дека може со години уште да се чека.

Би сакал да одговорам на кратко на крај на неколку конкретни поенти што ги кажаа пратеници Поповски, Димовски и Милошоски.

Не бараме да седнеме на заедничка софра. Тоа не е толку важно. Многу е поважно да започнеме заеднички процес. Ни треба процес, ни треба патека која што ќе започнеме да ја одиме и која што ќе не води кон исполнување на стратешката цел. Таа софра е само една формалност која што треба да го формализира почетокот на тој процес.

Во однос на тоа дека имало многу противници за почетокот на преговорите од наша страна, мислам дека вчера и министерот Лајчак, но и министерствата за надворешни работи на Белгија, Луксембург и Словенија ги демантираа тие тврдења.

Во однос на прославите за НАТО, мислам дека вистинското прашање не е зошто имало прослава за НАТО, членството во НАТО. Вистинското прашање е зошто пратениците или лидерството на опозицијата не беа учесници, не дојдоа да присуствуваат на подигањето

на знамето на НАТО пред Владата на нашата држава, ако сме сите за тоа дека ќе бидеме и сакаме да бидеме членки на НАТО и Европската Унија и ако тврдиме дека е тоа национална цел во смисла на, не, не е така дека не сме добиле покана.

Исто така не е точно дека во март 2019 година ние сме знаеле каква ќе биде одлуката во понеделникот. Господинот Милошоски беше 5 години министер за надворешни работи, многу добро знае дека заклучоците се коваат до крајот и дека не можете да знаете точно каков што биде заклучокот се до тогаш, а сме имале доволно причина и од страна на Европската комисија и од страна на позитивно настроени држави членки. Да веруваме дека одлуката ќе се донесе во јуни. Впрочем тоа го пишува во заклучоците на Европскиот совет од јуни минатата година.

Во однос на лекциите на националните парламенти. Сите луѓе во Владата кои што се вклучени во овој процес непосредно ги посетија парламентите и во Париз и во Берлин и во Хаг и секаде и пошироко и секаде имаа шанса да разговараат со пратениците непосредно, еве впрочем и пратеникот Попоски го потврди тоа. Мислам дека така треба да продолжи и во иднина. Никаде, минатата недела бевме со амбасадорот во Париз во Националното Собрание на Франција и секаде сме пречекани со отворен ум, со слух за нашите аргументи и со план за градење на пријателство за успех оваа година.

Во однос на работите што ги кажа пратеникот Димовски, прогон против опозицијата. Мислам дека не треба да се мешаат поимите одговорност за сторените дела и владеење на право, со прогон против опозицијата. Мислам дека доволно време помина да се утврди дека во рамките на судскиот систем и преку надлежните обвнителства секој има можност да докаже кој е виновен, кој не е виновен без разлика дали е од власта или од опозицијата. правдата треба да биде неселективна за сите и само така можеме да оствариме владеење на право, а не неказнивост.

Во однос на истиот заклучок од лани, оваа година во заклучокот стои дека во октомври ќе се наврати Советот на оваа одлука, на ова прашање со цел да донесе јасна и суштествена одлука. Тоа ние го читаме  и го разбираме како повик да не одлага понатаму прашањето, туку во октомври да се донесе јасна и суштествена одлука и веруваме дека така ќе биде.

Дали од нас се бара нешто плус и зошто не се одлучило. Од комуникацијата со државите членки секако имплементацијата на она што до сега сме го усвоиле е важно, но никој не ни постави тврд услов освен спомнувањето на Законот за Јавно обвинителство во кој што имате прилика и Вие да дадете свој придонес и Вие да се вградите во тој последен чин на затворање на реформскиот пакет до моментот на донесувањето на одлуката за датум за преговори.

Во однос на условеноста на Договорот од Преспа за преговорите, таа условеност е веќе утврдена во самиот текст на договорот и тоа што го бараше еден од пратениците беше на некој начин вградено во уставните амандмани и на сите им е  јасно дека спроведувањето на Договорот од Преспа во нашиот внатрешен систем зависи и оди паралелно со отварањето и затварањето со поглавјата, всушност тоа го користеше и грчката Влада во дискусијата на Советот за почеток на преговорите, секако во наша корист за да ги почнеме преговорите.

Во однос на бенефитите од Договорот со Грција, мислам дека ова е само еден дел од тоа, да не го заборавиме членството во НАТО, 19 држави го ратификуваа договорот. Пратеникот Димовски редовно учествува во работата на сите тела во НАТО. Знам дека сите

од нас се радуваме на секоја нова ратификација и лобираме и сигурен сум дека декември заеднички сите пратеници ќе бидат присутни тогаш кога ќе се крева знамето на Република Северна Македонија како 30-та членка на НАТО. Ќе се согласиме дека тоа не е тапшање по рамо, тоа е остварување на нашата стратешка надворешна политичка цел. Од Грција добивме партнер и пријател и го зголемивме индексот на мир и стабилност. Тоа е нешто што било незамисливо претходно и затоа верувам дека ќе ги искористиме овие бенефити и дека ќе се обединиме околу ова прашање и дека во октомври тука во ова Собрание и на оваа Комисија ќе си честитаме за одлуката за почетокот на преговорите. Благодарам.

**Никола Попоски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека беа спомнати поединечно пратеници и поединечно точки би дозволил да се реплицира, конкретно на тоа што беше спомнато и на тие лица и на тие точки.

Антонијо Милошоски прв беше.

**Антонијо Милошоски:** Кратко. Не тврди Антонијо Милошоски, тврди Институтот за европски политики од Скопје кој што има многу добра експертиза за европските извештаи, дека сегашниот извештај кој што го дискутираме е третиот најлош извештај што го имаме добиено од сите 8 од кога тие прават вакви споредби од 2009 година и дополнително уште не сме се вратиле на нивото од 2011 година кога според Институтот за европски политики сме имале најдобар извештај според нивните анализи. Другата работа дали некој од политички побуди измислува или говори вистина која ќе каже дека има земји кои што биле против Македонија и Албанија да почнат преговори за членство.

Доволно е да ја прочитате изјавата на комесарот Хан, комесарот Хан не Антонио Милошоски изјави дека за жал малцинство земји членки не прифатија отворање на преговори со Македонија и Албанија. Најдобро е за да нема вакви нејасности дали Владата или опозицијата ја говорат вистината, наједноставно да се праша комесарот Хан кои се и колку се на број тие малцинство земји членки кои што не прифатиле Република Македонија да добие одлука за преговори за членство.

Благодарам.

**Никола Поповски**: Благодарам.

Илија Димовски, во врска со забелешката која што беше конкретно упатена до вас.

Повелете.

**Илија Димовски**:

Значи, две работи. Двојните стандарди во правосудството се очигледни на целокупната македонска јавност за среќа се очигледни на претставниците на меѓународната заедница. Фалењето со прогон против опозицијата беше случајно на изборен митинг на Социјалдемократскиот сојуз, со конкретен број на кривични пријави. Тоа не е добро.

Втора работа, исто тоа односно уште две работи. Нема каузалност на спроведување на Преспанскиот договор заради тоа што ние веќе нема Македонска филхармонија, нема Македонска академија, Македонската радио телевизија итн., нема каузалност. Доколку имаше каузалност мотивот и на соседна Грција, мотивот и на пријателските стратешки партнери на Република Македонија во Европската унија ќе беше за степен поголем. Поврзаноста на Преспанскиот договор со интегративниот процес на Македонија во Европската унија ќе беа мотор и притисок врз членките на Европската унија да го забрзаат

имплементирањето на Преспанскиот договор преку брзината на наше интегрирање во Европската унија. Но Владата ја промаши таа стратегија и треба да се соочи со тој факт.

И трета и последна работа како мала сугестија и препорака иако господинот Маричиќ е раководител на оној административен дел за преговори со Европската комисија сепак би замолил да ја пренесе пораката дека на ваква седница на национален совет неопходно е присуството и на министерот за надворешни работи и на заменик претседателот на Владата за евро интеграции и на претседателот на Владата.

Јас господинот Маричиќ го ценам посебно како професионалец во овој сегмент без никаква лична насока, напротив се заблагодарувам за неговата коректност но мора да ја пренесе пораката до Владата дека ова не е начинот на кој што треба да се третира Парламентот. Кога може двајцата амбасадори на најзначајните членки на Европската унија да седат и со внимание да ги слушаат како пратеници, најмалку што можеше Владата за да покаже дека Собранието е највисокиот дом во Република Македонија, требаше да го направи тоа.

Благодарам.

**Никола Попоски**:

Ви Благодарам, не би се впуштал и не би дозволила реплики доколку немаше конкретни коментари на конкретни изјави. Тоа е случај и заслужува коментар.

Времето не е фактор, зошто го спомнав тоа. Затоа што ќе биде многу долг процесот и ако продолжиме да се служиме со ова не сега Јуни, Октомври тоа значело само за овој Јуни или само за овој Октомври. Ја губиме ја трошиме довербата на граѓаните, ќе биде долг процесот, не се однесува само на Јуни и сега и утре дената кога ќе биде донесена таа одлука исто така многу време ќе се чека до следните одлуки. Подобро е да го споделиме за сите нас, без разлика на политичка ориентација, зашто ако не го споделуваме одиме од разочарување во разочарување. Тоа не не носи поблиску до Европската унија, првиот коментар. Вториот коментар не е точно дека Владата или пак Собранието дека организирала таква средба, барем не на која јас сум бил поканет сите од овие средби на кои што учествуваме се индивидуални инцијативи на пратеници и од опозиција и од позиција и доколку Владата навистина би била сериозна за вклученост на сите па која друга држава донела платформа за преговори и структура за преговори без консултации со Парламент, нема таков пример. Значи една е единствена во Македонија има таква, нема друг пример.

Толку во однос на коментарите, Ви Благодарам на сите за придонесот кои го дадовте, мислам дека посебна благодарност треба да упатиме до амбасадорите на Германија и на Франција, бидејќи во деликатни моменти сепак одвојуваат време покажуваат посветеност да имаат активен придонес за овој процес. Ние се надеваме дека нив ќе ги имаме како сојузници за што е можно поголемо скратување на овој долг процес кои сигурно ќе бара внатрешни промени во Европската унија и сигурно ќе бара долг временски период на наше прилагодување пред настанување на членството, бидејќи да не заборавиме ние како држава не се стремиме кон тоа да почнеме преговори, ние како држава имаме национален консензус да станеме членка на Европската унија, таа е целта.

Ви Благодарам. Благодарам уште еднаш на сите.

Ја затварам четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Седницата заврши во **12:16** часот.